EDS
ENERGY DELIVERY SOLUTIONS

Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС ЕДС АД Скопје
Адреса: Булевар Свети Климент Охридски 30 | 1000 Скопје | Р.С. Македонија
ЕМБС: 6822380 | ЕДБ: МК 4080012531832
Тел.: + 389 2 / 321 5062 / 551 4000 | Факс: +389 2 / 321 5064 | E-mail: backoffice@eds.mk

**До:**

**Предмет:** Предлог измена на Закон за енергетика

**Дата:** 3 декември 2021 година

**Од:** Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД Скопје (ЕДС)

Почитувани,

Во врска со предложените измени на Законот за енергетика објавени на www.ener.gov.mk, би сакале да предложиме дополнителни измени со кои дополнително би се стимулирал пазарот на Гаранции за потекло. Имено, сегашниот текст на Законот, преку членот 182, став (3), кој гласи:

*„(3) Гаранции за потекло може да добие производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија којшто за електроцентралата не се стекнал со статус на повластен производител од Член 187 став (1) од овој закон.“*

им забранува на производителите кои веќе се стекнале со статус на повластен производител на електрична енергија да добиваат гаранции за потекло. Сметаме дека оваа одредба само ќе го ограничи пазарот и ќе ја намали конкуренцијата. Затоа, а се со цел да се стимулира издавањето и трговијата на Гаранции за потекло, бараме член 182, став (3) да биде избришан.

Дополнително, согласно Директивата (ЕУ) 2018/2001, државите имаат право да изберат дали ќе им издадат гаранции за потекло на производителите кои веќе се стекнале со статус на повластен производител на електрична енергија. Бенелукс, Хрватска и Словачка веќе ја искористиле оваа можност и повластените производители во овие држави може да добиваат гаранции за потекло.

Со почит,

ЕДС АД Скопје

---------------------------